РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2169/3

04-11-2026 г./v.

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2169/1 од 10.06.2026 година, оформен по доставена пријава со неконкретни и нејасни наводи за сомневање за незаконитости во постапувањето на службено лице во надлежна општинска институција (општина во Скопје), СЕ ОТФРЛА.

ДКСК, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, утврди дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај, од причина што наводите во предметната пријава се неконкретни и нејасни, а по дополнително барање од ДКСК не се доставени дополнителни информации од страна на подносителот на пријавата.

Предметот со бр. 12-2169/1 од 10.06.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 10.06.2026 година, поднесена е пријава со неконкретни и нејасни наводи за сомневање за незаконитости во постапувањето на службено лице во надлежна општинска институција (општина во Скопје) и оформен е предмет бр. 12-2169/1 од 10.06.2026 година.

Во пријавата, подносителот пријавува случај кој се случил на 08.06.2026 година каде него му било побаран поткуп (мито) од страна на службено лице (чие име не му било познато во моментот на доставување на пријавата во ДКСК) во надлежна општинска институција (Општина во Скопје), со

барање да изврши корекција во постапка за исправка на податоци во матична евиденција на родените и во постапка за поднесување барање за издавање на пасош за неговиот син.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, а бидејќи во пријавата не се наведени податоци за пријавеното лице, ниту се наведени други податоци во врска со пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на дополнителни податоци информации на електронската адреса од која е поднесена пријавата, со барање за дополнување на пријавата со податоци за пријавеното службено лице лице како и други информации за за која надлежна институција во која општина во градот Скопје и сл.

По доставување на барањето од ДКСК, пријавителот не достави дополнување на пријавата и не ги достави бараните податоци и информации за пријавениот случај.

Имајќи во предвид сето горе наведено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај, од причина што наводите во предметната пријава се неконкретни и нејасни, а по дополнително барање од ДКСК не се доставени дополнителни информации од страна на подносителот на пријавата, па оттаму одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р В.З. Советник
Контролирал: м-р Ј.Ц. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата